06.10.2022

ГЖ-2012/22

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите м-р Катерина Георгиевска, претседател на советот, Афрдита Шеху Асани и Зоран Герасимовски, членови на советот, постапувајќи по предлогот за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на овој суд П4.78/15 од 18.01.2016 година поднесен од туженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како предлагач, во постапката по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, основ надомест на штета, вредност на спорот 1.915.458,00 евра, постапувајќи по жалбата на тужителот, изјавена преку полномошник Ненад Јаниќевиќ, адвокат од Скопје, против решението на Основен суд Штип ППОВ-5/21 од 21.10.2021 година, на нејавната седница на советот,одржана на 13.09.2022 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужителот, изјавена преку полномошник Ненад Јаниќевиќ, адвокат од Скопје, СЕ УВАЖУВА.

РЕШЕНИЕТО на Основен суд Штип ППОВ-5/21 од 21.10.2021 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа пред првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Штип со обжаленото решение го усвоил предлогот поднесен од туженият-предлагач Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Онсовен суд Штип П4.бр.-78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда на Апелациниот суд Штип ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година. Дозволил повторување на постапката П4.78/15 водена пред Основниот суд Штип по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, основ надомест на штета, вредност на спорот 1.915.458,00 евра. Ја укинал пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година правосилна на 03.06.2021 година.

Незадоволен од напред донесеното решение остана тужителот, па преку полномошник Ненад Јаниќевиќ, адвокат од Скопје во законски предвидениот рок поднесува жалба со која го побива истото поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата да се уважи, а обжаленото решение да се укине и предметот да се врати пред првостепениот суд на повторно одлучување или истото да се преиначи и одлучи во смисла на жалбените наводи. Побарани се трошоци по жалбена постапка согласно приложен трошковник.

Тужителот, преку неговиот полномошник поднесе и дополнение на жалба, со кое во поткрепа на жалбените наводи прилага доказ Решение од Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.3808/21 од 18.11.2021 година.

Одговор на жалба поднесе тужениот, со кој во целост ги оспорува наводите истакнати во жалбата на тужителот и предлага жалбата да се одбие како неоснована, првостепеното решение да се потврди.

Апелациониот суд Скопје откако ги разгледа списите приложени кон предметот, обжаленото решение, жалбата, дополнението на жалба и по оценка на жалбените наводи, а имајќи го предвид и одговорот на жалба, најде:

Жалбата е основана.

Основани се жалбените наводи за сторена суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП. Ова од причина што обжаленото решение е нејасно, неразбирливо, со противречности и без доволно утврдени решителни факти па како такво истото не може да се испитува и извршува.

Првостепениот суд врз основа на изведените докази во текот на постапката утврдил дека пред Основниот суд Штип е поведена постапка по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација со живеалиште во Германија, против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, основ надомест на штета, вредност на спорот 1.915.458,00 евра. Со пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година Основниот суд Штип тужбеното барање на тужителот го усвоил и тужените ги задолжил на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата и трошоци во постапката. Незадоволен од пресудата тужените поднеле жалба. Со решение Гж.бр.535/15 од 13.10.2015 година Апелациониот суд Штип ја усвоил жалбата на тужените, ја укинал првостепената пресуда и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење. Во повторното судење Основниот суд Штип со пресуда П4.бр.78/15 од 18.10.2016 година повторно го усвоил тужбеното барање на тужителот и ги задолжил тужените да му ја надоместат на тужителот штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата и трошоци во постапката. Незадоволни од наведената пресуда тужените повторно поднеле жалба. Со пресуда ГЖ.бр.380/16 од 23.12.2016 година Апелациониот суд Штип ја усвоил жалбата на тужните, ја преиначил пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година и го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот со кое бара да се задолжат тужените на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата и трошоци во постапката. Незадоволен од второстепената пресуда ГЖб.р.380/6 од 23.12.2016 година тужителот поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ. Со решение РЕВ 2 бр.180/2017 година, Врховниот суд на РСМ ја усовил ревизијата, ја укинал пресудата на Апелацниот суд Штип ГЖ.бр.380./16 од 23.12.2016 година и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторното одлучување Апелационот суд Штип со пресуда ГЖ.бр.179/19 од 09.07.2019 година ја уважил жалбата на тужените, ја преиначи пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 годиан и го одбил како неосновано тужбеното барање да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата и трошоци во постапката. Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ.бр.179/19 од 09.07.2019 година тужителот повторно поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ. Постапувајќи по поднесената ревизија од тужителот

Врховниот суд на РСМ со решение РЕВ 2 бр.463/2019 година од 27.01.2021 година ја усвоил ревизијата, ја укинал пресудата на Апелационот суд Штип ГЖ.бр.179/19 од 09.07.2019 година и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторното одлучување Апелациониот суд Штип со пресуда ГЖ.бр.205/2021 година од 03.06.2021 година жалбата на тужните ја одбил како неоснован и ја потврдил пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип. Пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 гоидна на Основен суд Штип е правосинла на 03.06.2021 гоидна па имајќи во предвид дека предлогот за повторување на постапката е поднесен од туженот ИМАКО ВИНО ДООЕЛ ШТИП како странка во постапката која не успеала во спорот, судот утврдил дека предлогот за повторување на постапката е дозволен.

Од увидот во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип судот утврдил дека доказот вешт наод и мислење СВ I 32/205 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, а по наредба на ОЈО Штип за потребите на предметот КО.бр.255/13 година за прв пат бил доставен и приложен од страна на туженот со писмен поднесок до Апелациониот суд Штип на 26.08.2015 година со образложение дека доказот го имаат добиено после донесување на првостепената пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 на Основниот суд Штип, односно по поднесување на жалба од тужените, а во смисла на чл.284 од ЗПП и истиот да се цени во жалбена постапка. Во прилог на овој писмен поднесок доставен бил и прилог - писмен поднесок насловен како барање од Ристе Љуботенски преку неговиот полномошник до ОЈО Штип заведено пред ОЈО Штип под бр.ОНД од 20.08.2015 година. Во барањето се наведува дека против осомниченият Ристе Љуботенски има поведено постапка под КО.бр.255/13 за кривично дело од чл.353 ст.4, 378 и ст.1 и 247 ст.4 од КЗ. Во барањето е наведено дека во текот на постапката по барање на ОЈО Штип е извршено вештачење од Бирото за судски вешачења, па имајќи во предвид дека осомниченият немал никакво известување за исходот на вештачењето, истиот барал да биде известен дали е завршено вештачењето, дали бил доставен вештиот наод и мислење од вештото лице и доколку бил изготвен и доставен овој вешт наод и мислење од Бирото за судски вешачења, да биде доставен до осомниченият или неговиот полномошник. Имајќи во предвид дека вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 е изработен од страна на Бирото за судски вешачења а по наредба на ОЈО Штип на ден 09.07.2015 година, а истиот доказ бил доставен на осомниченият Ристе Љуботенски како содружник на туженият подоцна на 20.08.2015 година, судот утврдил дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вешачења врз основа на кој сега туженият бара повторување на постапката бил поднесен во рок од 30 дена од денот кога можел да му го приложи на судот во предметната постапка.

Доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вештачења, а доставен до туженот со писмен поднесок во жалбената постапка против пресудата П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, при повторното судење од страна на првостепениот суд со решение не бил одбиен да се изведува како доказ, ниту пак бил ценет и изведен како доказ во доказна постапка. Овој доказ за прв пат се споменува во пресудата ГЖ.бвр.205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип каде што Апелациониот суд Штип наведува дека наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења не бил прифатен како доказ, бидејќи не бил доставен во фаза до постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП.

Од увидот во приложениот доказ - вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13, судот утврдил дека со ова вештачење се утврдувани факти и околности поврзани по однос на склучениот Договор за деловно техничка и финансиска соработка помеѓу тужителот и Ристе Љуботенски односно дали е испочитувана обврската за вложување - инвестирање во опрема, средства и капитал во кој обем и на кој начин е направено сето тоа од сега тужителот, факти и околности по однос на деловната соработка на друштвата сега тужените со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во периодот сметано од 2003 година до 2008 година, на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на ова фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво и врз основа на кое задолжување - фактура, со посебен осврт на доставеното известување задолжување - фактура, со посебен осврт на доставеното известување Соопштение од ПИМ БУГАРИЈА. Во овој вешт наод и мислење била констатирана фактичка состојба и врз основа на фактичката состојба е даден наод и мисење со кое е утврдено дека во однос на начинот за набавка на опрема доставени се фактури и увозни царински декларации, а во делот на извршените плаќања за набавка на опрема, според книговодствена евиденција на Имако Штип биле извршени плаќања кон ПИМ Бугарија во вкупен износ од 61.154.197,00 деанри и Делта Тофола Италија во вкупен износ од 16.573.976,00 денари, а плаќање за набавка на опрема од Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип кон ПИМ Бугарија нема евидентирано во аналитичко конто за овој добавувач и нема евидентирнао плаќање и за добавувач Делта Тофола Италија. Во наодот и мислењето било констатирано и дека според книговодствената евиденција на Имако Штип вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000,00 евра. Во вештиот наод и мислење е утврдено дека доставените дописи од ПИМ Бугарија не претставуваат финансиски докази за плаќање. Во наодот и мислењето е наведено дека во однос на плаќањето на опремата на ПИМ од страна на оштетениот Владислав Втулкин на вештачењето биле побарани банкарски изводи и извршени плаќања. Таквата документација не била доставена на увид. Плаќањето за фактурите било извршено од страна на девизини сметки на Имако Штип. Во вештиот наод и мислење било утврдено и дека дописите доставени од Делта Тофоло до Владислав Втулкин и до Имако Штип не се релевантен доказ од кој може да се констатира плаќање.

Од увидот во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип првостепениот суд утврдил дека во пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година потврдена со пресуда ГЖ 205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип, во фактичка состојба судот ги утврдил фактите на околноста дека законскиот застапник на второтуженият Ристе Љуботенски и тужителот како стопанственик од Москва на 13.11.2004 година склучиле договор за деловно техничка и финансиска соработка. Судот утврдил дека тужителот платил на италијанската компанија 508.712,000 евра за опрема и машина и дека тие биле испорачани и оставени кај Имако вино во Македонија. Утврдил дека тужителот вршел плаќања и преку Бугарска фирма ПИМ Бугарија во износ од 683.341,00 евра од каде била купена опрема од тужителот за тужените како фирми во сопственост на договарачот Ристе Љуботенски. Судот утврдил дека плаќањата тужителот ги извршил со негови сопствени средства. Судот утврдил дека како резултат на вложувањата на тужителот финансиската состојба на тужените се подобрила и тие станале успешни друштва. Вложувањата во машини и опрема за производство на тужените било константирано од извештајот за констатирана состојба на економско правно биро компанија Н.М. Скопје од 10.10.2013 година каде што биле констатирани

вкупните вложувања опрема за производство на вино и дека тие биле платени од страна на тужителот во вкупен износ од 1.915.158,00 евра. Понатаму првостепениот суд утврдил дека Ристе Љуботенски како договарач во договорот за деловно техничка соработка од 2004 година наместо да постапи по договорот и да го исполни својоот дел од обврската од тој договор изготвил документација според која тужителот пристапува со 49% во вкупниот основачки влог. Утврдил дека тужителот во повеќе наврати барал да му бидат доставени извештаи за потрошени средства но никогаш не добил и на крајот ја поднел тужбата за да си го врати она што го вложил кај тужените. Како причини од кои се раководеле Основниот суд Штип и Апелациониот суд Штип при одлучувањето и донесувањето на пресудите се околностите дека тужените во извршувањето на своите обврски не постапувале со внимание кое се барало во правниот промет и не го почитувале договорот склучен помеѓу нивниот основач и сопственик Ристе Љуботенски и тужителот, односно околноста дека тужителот вложил средства кај тужените а за возврат не добил ништо и поради тоа тужените имаат обврска да му го платат дадениот однос.

Врз основа на утврдените факти и околности, првостепениот суд раководејќи се од одредбите од чл.392 и чл.393 од ЗПП го усвоил предлогот за повторување на постапката бидејќи сметал дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачење, а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13 претставува нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП од причини што туженият без своја вина неможел овој доказ да го изнесе пред судот во ситуација кога туженият сега како предлагач дознал и се стекнал со можност да му го изнесе на судот овој доказ после заклучување на главната расправа односно по изготвување на првата донесена првостепена пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основиот суд Штиш, а со изјавената жалба односно во фаза на постапката кога согласно пропишаното во чл.341 од ЗПП не можат да се предлагаат нови докази.

Ова и од причина што според првостепениот суд овој доказ при повторното постапување и судење од страна на првостепениот суд со решение не бил одбиен да се изведува како доказ ниту пак од друга страна бил ценет и изведен како доказ во доказна постапка, а за првпат се споменува во пресудата ГЖ 205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штиш каде што судот наведува дека наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења не бил прифатен како доказ бидејќи не бил доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП.

Поради наведеното првостепениот суд сметал дека доказот наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења не бил изготвен по барање на странките во постапката поради што туженият ниту имал можност да го достави со одговор на тужбата, а согласно чл.235 од ЗПП. Во конкретниот случај овој доказ бил изготвен за потребите на кривична постапка, а туженият овој доказ како доказно средство без своја вина не можел да го предложи односно изнесе пред судот пред заклучување на главната расправа, па имајќи во предвид дека со жалба не можат да се предлагаат нови докази, а првостепениот суд по овој доказ воопшто не расправал во смисла ниту го одбил, ниту пак го извел во доказна постапка како доказно средство а второстепениот суд само констатиралл дека не бил прифатен како доказ бидејќи не бил доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП, судот оценил дека доказот, наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења претставува нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП како доказно средство од кое може да се стекне уверение, односно тврдење дека некој факт е вистинит.

Судот утврди дека доказот наод и мислење од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења и предложен од страна на тужениот како нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП бил предложен во рокот од 30 дена од денот кога тужениот стекнал можност да му го предложи на судот имајќи во предвид дека овој доказ е предложен и приложен од туженот во жалбена постапка со писмен поднесок до Апелационот суд Штип на 26.08.2015 година, бидејќи доказот го имаат добиено од ОЈО Штип на 20.08.2015 година односно после донесување на првостепената пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, односно по поднесување на жалбата, поради кои причини првостепениот суд сметал дека предлогот за повторување на постапката е навремен и истиот бил поднесен во рокот од 30 дена од денот кога туженот како предлагач можел да му го предложи и достави новиот доказ на судот пропишан во чл.394 ст.1 т.6 од ЗПП, односно 30 дена од доставување на пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година кој рок бил пропишан во чл.394 ст.2 од ЗПП, имајќи во предвид дека пресудата на Апелационот суд Штип ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година му била доставена на тужениот на 15.06.2021 година, а предлогот за повторување на постапката од тужениот бил доставен до Основиот суд Штип на 29.06.2021 година.

Меѓудругото, судот утврдил и дека дозволениот и навременит предлог за повторување на постапката поднесен од тужениот е основан и од причини што во предложениот нов доказ - наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења биле утврдени околности кои би можеле да доведат до поинакво утврдување на фактичката состојба поповолна за тужениот, сега предлагач Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООП Штип, имајќи го во предвид конкретниот спорен однос помеѓу странките и фактичкиот и правен основ за кој била заведена и правосилно завршена парницата пред првостепениот суд.

Согласно наведеното првостепениот суд одлучил како во изреката на обжаленото решение.

Меѓутоа, според наоѓање на овој суд вака донесеното решение и образложените причини за истото се нејасни, неразбирливи и контрадикторни на приложените и изведени докази во текот на постапката.

Имено првостепениот суд утврдил дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачење, а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13 претставува нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП бидејќи тужениот без своја вина неможел овој доказ да го изнесе пред судот во ситуација кога тужениот сега како предлагач дознал и се стекнал со можност да му го изнесе на судот овој доказ после заклучување на главната расправа, односно по изготвување на првата донесена првостепена пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основиот суд Штип, а со изјавената жалба односно во фаза на постапката кога согласно пропишаното во чл.341 од ЗПП не можат да се предлагаат нови докази. Ова и од причина што овој доказ бил изготвен за потребите на кривична постапка, па тужениот овој доказ како доказно средство без своја вина не можел да го предложи односно изнесе пред судот пред заклучување на главната расправа, па имајќи во предвид дека со жалба не можат да се предлагаат нови докази, а првостепениот суд по овој доказ воопшто не расправал во смисла ниту го одбил, ниту пак го извел во доказна постапка како доказно средство а второстепениот суд само констатиралл дека не бил прифатен како доказ бидејќи не бил доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП, па судот оценил дека доказот, наодот и мислењето од

09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења претставува нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП како доказно средство од кое може да се стекне уверение, односно тврдење дека некој факт е вистинит и го усвоил поднесениот предлог за повторување на постапката.

Според наоѓање на овој суд првостепениот суд во конкретниот случај не ја ценел во доволна мера содржината на законските одредби кои ги цитирал чл.392 и чл.393 од ЗПП.

Согласно одредбата од чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП е предвидено дека постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може по предлог на странката да се повтори ако странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка.

Согласно чл.392 ст.1 т.6 од ЗПП „Предлогот за повторување на постапкта се поднесува во рок од 30 дена и тоа: во случајот од чл.392 ст.1 т.9 на овој закон, од денот кога странката можела да му изнесе на судот нови факти, однсно да му предложи нови докази.

Согласно чл.392 ст.2 од ЗПП, ако рокот определен во ставот 1 од овој член би започнал да тече пред да стане одлуката правосилна, тој рок ќе се смета од правосилноста на одлуката ако против неа не бил изјавен правен лек, односно од доставувањето на правосилната одлука на повисокиот суд изречена во последен степен.

Согласно чл.393 ст.2 од ЗПП „Поради околностите наведени во чл.392 ст.1 т.1, 7, 8, 9 и 10 и ст.3 од овој закон, повторување на постапката може да се дозволи само ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука.“

Согласно содржината на наведените законски одредби произлегува дека повторување на постапката може да се бара ако странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка, односно повторување на постапката може да се дозволи само ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука.

Видно од списите на предметот е дека станува збор за доказ кој тужениот го доставил во жалбена постапка со писмен поднесок до Апелациониот суд Штип на ден 26.08.2015 година и истиот не бил прифатен, односно овој доказ веќе еднаш бил истакнат и тоа без успех, па првостепениот суд при повторување на постапката да цени дали вештачењето на кое се повикува тужениот е нов доказ согласно кој постапката може да се повтори, односно судот да цени дали може вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година, сега по правосилно завршување на постапката истиот тој доказ да се смета како нов доказ во смисла на чл.392 од ЗПП кога истиот веќе бил искористен и наведеното било без успех во претходната постапка.

Првостепениот суд во повторената постапка да цени дали доказите кои биле предложени и ценети во постапка која правосилно завршила може да бидат нови докази како основ за повторување на постапката. Видно од списите на предметот е дека станува збор за доказ кој е веќе употребен, па судот да цени дали истиот може да биде нов доказ врз основа на кој за тужениот би била донесена поповолна одлука. Наведеното ако се има предвид и дека видно од приложените пресуди е дека сите решителни факти по однос на основаноста на тужбеното барање детално се утврдени и обраложени во одлуките на судовите, поточно фактите и околностите кои се утврдени во вештачењето кое тужениот го прилага како нов доказ за повторување на постапка се веќе истакнати и по однос на истите е дадено детално образложение во судските одлуки, па судот да цени дали вештачењето може да доведе до поинакво утврдување на фактичката состојба поповолна за тужениот во случај кога судовите во досегашната постапка веќе се произнеле по однос на сите овие околности за кои судот сметал дека можеле да доведат до поинаква одлука. Дотоку повеќе согласно со член 235 од ЗПП странките можат да достават вештачење со тужба или со одговор на тужба,што значи дека тужениот можел да достави со одговор на тужба вештачење.Според ова првостепениот суд треба да има во предвид и дека вештачењето не може да биде нов доказ како основ за повторување на постапката.

По однос на извештајот за констатирана состојба изготвен од економско правно било КОМПАНИЈА НМ од 10.10.2013 година видно од списите на предметот е дека има истакнато жалбени наводи, кои наводи и околности биле истакнати и во поранешната постапка и судот ги ценел со дадено образложение од страна на Апелациниот суд Штип во одлуката ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година која е донесена по жалбата на тужените, и сега тужени во оваа попстапка, па судот да цени дали истиот може да преставува нов доказ во конкретната постапка, односно при повторување на постапката судот да цени дали доказ кој веќе еднаш бил истакнат и ценет и истиот без успех бил истакнат дали може да биде основ за повторување на правосилно завршена постапка.

Наведеното вештање и извештајот бил ценет во жалбена постапка во постапката која сега е правосилно завршена и се бара нејзино повторување, па првостепениот суд во повторената постапка да цени дали воопшто може да стане збор за нови доказ врз основа на кој би можела да биде донесена поповолна одлука за странката доколку овие докази биле употребени во поранешната постапка, односно да цени дали наведените докази кои постоеле, веќе еднаш биле ценети во постапка која правосилно завршила се нови докази врз основа на кој судот можел да дозволи повторување на прависилно завршената постапка.

Во конкретниот случај видно од списите на предметот е дека тужениот побарал повторување на постапката врз основа на чл.392 од ЗПП, повикувајќи се на тоа дека бара повторување на постапката со оглед дека во завршената постапка не бил во можност да ги приложи горенаведените докази и дека отпосле се стекнал со можноста да ги употреби како нови докази, а кои би биле од големо значење за утврдување на фактичката состојба и за донесување на поповолна одлука ако се изведеле и ако се земеле во предвид, но видно од приложените докази е дека истите не постоеле во време и во текот на постапката која завршила, а чие повторување се бара, но тужениот ги употребил во жалбена постапка и биле ценети од второстепениот суд ,па дали наводите и доказите на тужениот можат да бидат услов и основ за повторување на правосилно завршената постапка,со оглед да видно од списите на предметот е дека истите тие докази на кои се

повикува тужениот веќе биле презентирани во жалбена постапка и второстепениот суд ги ценел при водењето на правосилно завршената постапка, па дали тие докази како такви преставуваат нови докази и дали истите можат да имаат влијание за донесување на поинаква одлука, односно да се цени дали може доказ кој постоел и за време на водењето на постапката која веќе завршила, сега да преставува нов доказ согласно кој би можела да биде донесена поповолна одлука кога произлегува дека тужениот уште тогаш истите ги употребил, па дали истите сега би можеле да придонесат за донесување на поповолна одлука за него, кога веќе истите се ценети и во претходната постапка.Ова од пичини што фактите и доказите врз основа на кои се поднесува предлогот за повторување на постапката треба да постоеле во моментот на пресудувањето,но не и биле познати на странката ,па не можела да ги презентира пред судот и тој да ги земе во предвид.Ако по пресудувањето настанале нови докази, тие не се зафатени со правосилноста и неможат да бидат ознов за повторување на постапката.Новите докази треба да настанале во време додека во постапката чие повторување се бара,нивното изнесување било можно.Новите докази од значење е да се однесуваат на факти кои настанале во време пред да престанало правото на изнесување во постапката чие повторување се бара.

Од сето напред изнесено, согласно чл.370 ст.1 т.3 од ЗПП, следуваше да се одлучи како во изреката на ова решение.

При повторно постапување да се имаат во предвид дадените укажувања, најнапред да се отстрани сторената суштествена повреда на одредбите на парничната постапка и судот со сигурност да утврди дали доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачење и извештајот за констатирана состојба изготвен од економско правно било КОМПАНИЈА НМ од 10.10.2013 година се нови докази врз основа на кои судот можел да дозволи повторување на прависилно завршената постапка, ако се има предвид дека видно од списите на предметот е дека истите постојат и се ценети во жалбената постапка, потоа судот да цени дали со истите може да се смета дека тужениот дознал за нови факти и стекнал можност да употреби нов доказ врз основа на кој за тужениот би можела да биде донесена поповолна одлука ако овој доказ бил употребен во поранешната постапка, односно судот да цени дали наведените докази кои постоеле, веќе еднаш биле ценети во постапка која правосилно завршила се нови докази врз основа на кој судот можел да дозволи повторување на прависилно завршената постапка и дали овие докази би можеле да имаат влијание во случајов со оглед да и во претходната постапка било нагласено за истите и тие докази на кои се повикува тужениот веќе биле презентирани пред судот и истиот ги ценел при водењето на правосилно завршената постапка, па дали тие докази како такви преставуваат нови докази врз основа на кои би можела да се повтори правосилно завршената постапка.

Откако ќе постапи по дадените укажувања и ќе ги утврди сите решителни факти, првостепениот суд суд ќе биде во можност да цени дали во конкретниот случај биле исполнети условите за повторување на постапката согласно одредбата од чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП, односно да цени дали наведените докази се нови докази врз основа на кој судот можел да дозволи повторување на прависилно завршената постапка и со тоа да донесе правилна и на закон заснована одлука во која ќе се произнесе за основаноста или неоснованоста на поднесениот предлог за повторување на постапката.

ГЖ-2012/22

Согласно чл.160 ст.3 од ЗПП кога ќе ја укине одлуката против која е поднесен правен лек и предметот ќе се врати на повторно одлучување, ќе се остави за трошоците на постапката по повод правниот лек да се одлучи во конечната одлука.

Апелационен суд Скопје ГЖ-2012/22 од 13.09.2022 година.

Претседател на совет-судија
м-р Катерина Георгиевска, с.р.

Судски службеник